| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **18.637.800** | **0** | **0** | **21.628.000** | **0** | **0** | **21.628.000** |
| 401 | Основни плати | 13.184.800 | 0 | 0 | 15.288.000 | 0 | 0 | 15.288.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 5.113.000 | 0 | 0 | 6.000.000 | 0 | 0 | 6.000.000 |
| 404 | Надоместоци | 340.000 | 0 | 0 | 340.000 | 0 | 0 | 340.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **5.081.500** | **0** | **870000** | **3.808.000** | **0** | **0** | **4.678.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 120.000 | 0 | 60.000 | 50.000 | 0 | 0 | 110.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.801.082 | 0 | 135.000 | 1.566.000 | 0 | 0 | 1.701.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 647.830 | 0 | 247.000 | 330.000 | 0 | 0 | 577.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 192.000 | 0 | 71.000 | 101.000 | 0 | 0 | 172.000 |
| 425 | Договорни услуги | 2.032.588 | 0 | 242.000 | 1.648.000 | 0 | 0 | 1.890.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 288.000 | 0 | 115.000 | 113.000 | 0 | 0 | 228.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.050.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 464 | Разни трансфери | 2.050.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **550.000** | **0** | **0** | **64.000** | **0** | **0** | **64.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 550.000 | 0 | 0 | 64.000 | 0 | 0 | 64.000 |
| N20 | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 26.319.300 | 0 | 870.000 | 25.500.000 | 0 | 0 | 26.370.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
| | | **215.964.256** | **75.760.000** | **4.646.000** | **118.942.400** | **5.446.000** | **0** | **204.794.400** |
| NA | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 0 | 0 | 175.000 | 0 | 0 | 0 | 175.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| NA0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 0 | 0 | 175.000 | 0 | 0 | 0 | 175.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **175000** | **0** | **0** | **0** | **175.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 175.000 | 0 | 0 | 0 | 175.000 |
| NA0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 0 | 0 | 175.000 | 0 | 0 | 0 | 175.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **215.964.256** | **75.760.000** | **4.646.000** | **118.942.400** | **5.446.000** | **0** | **204.794.400** |
| NB | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 130.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| NB0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 130.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **130.000** | **0** | **30000** | **0** | **0** | **0** | **30.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 130.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| NB0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 130.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 215.964.256 | 75.760.000 | 4.646.000 | 118.942.400 | 5.446.000 | 0 | 204.794.400 |
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
| Q0 | ЗАшТИТА И СПАСУВАЊЕ | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| Q00 | ЗАшТИТА И СПАСУВАЊЕ | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **50.000** | **50.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **50.000** |
| 464 | Разни трансфери | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| Q00 | ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **215.964.256** | **75.760.000** | **4.646.000** | **118.942.400** | **5.446.000** | **0** | **204.794.400** |
| R1 | ЗАшТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| R10 | ЗАшТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **30.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| R10 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **215.964.256** | **75.760.000** | **4.646.000** | **118.942.400** | **5.446.000** | **0** | **204.794.400** |
| T1 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА | 242.000 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| T10 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАшТИТА | 242.000 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **242.000** | **10.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **10.000** |
| 425 | Договорни услуги | 242.000 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| T10 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА | 242.000 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: СТАВКА

| Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **215.964.256** | **75.760.000** | **4.646.000** | **118.942.400** | **5.446.000** | **0** | **204.794.400** |
| V1 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 13.989.156 | 0 | 2.400.000 | 11.886.000 | 0 | 0 | 14.286.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 13.989.156 | 0 | 2.400.000 | 11.886.000 | 0 | 0 | 14.286.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **9.670.430** | **0** | **0** | **10.950.000** | **0** | **0** | **10.950.000** |
| 401 | Основни плати | 6.877.670 | 0 | 0 | 7.689.800 | 0 | 0 | 7.689.800 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 2.582.760 | 0 | 0 | 3.033.400 | 0 | 0 | 3.033.400 |
| 404 | Надоместоци | 210.000 | 0 | 0 | 226.800 | 0 | 0 | 226.800 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **4.318.726** | **0** | **2400000** | **936.000** | **0** | **0** | **3.336.000** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.862.500 | 0 | 1.000.000 | 500.000 | 0 | 0 | 1.500.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.534.326 | 0 | 1.000.000 | 386.000 | 0 | 0 | 1.386.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 150.000 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 425 | Договорни услуги | 671.900 | 0 | 150.000 | 50.000 | 0 | 0 | 200.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 13.989.156 | 0 | 2.400.000 | 11.886.000 | 0 | 0 | 14.286.000 |

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **215.964.256** | **75.760.000** | **4.646.000** | **118.942.400** | **5.446.000** | **0** | **204.794.400** |
| V3 | СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 396.000 | 0 | 496.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| V30 | СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 396.000 | 0 | 496.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **396.000** | **0** | **496.000** |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 396.000 | 0 | 496.000 |
| V30 | СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 396.000 | 0 | 496.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **215.964.256** | **75.760.000** | **4.646.000** | **118.942.400** | **5.446.000** | **0** | **204.794.400** |
| VA | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| VA0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **100.000** | **0** | **100000** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| VA0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |

| | | 215.964.256 | 75.760.000 | 4.646.000 | 118.942.400 | 5.446.000 | 0 | 204.794.400 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
| W0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА | 7.050.000 | 2.631.000 | 0 | 5.052.000 | 0 | 0 | 7.683.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| W00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА | 7.050.000 | 2.631.000 | 0 | 5.052.000 | 0 | 0 | 7.683.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **6.802.000** | **2.303.000** | **0** | **5.052.000** | **0** | **0** | **7.355.000** |
| 401 | Основни плати | 4.355.351 | 1.560.000 | 0 | 3.391.623 | 0 | 0 | 4.951.623 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.959.149 | 743.000 | 0 | 1.560.377 | 0 | 0 | 2.303.377 |
| 404 | Надоместоци | 487.500 | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 100.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **248.000** | **328.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **328.000** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 98.000 | 98.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 98.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 85.000 | 165.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 165.000 |
| 425 | Договорни услуги | 65.000 | 65.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65.000 |
| W00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 7.050.000 | 2.631.000 | 0 | 5.052.000 | 0 | 0 | 7.683.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: СТАВКА

| | | 215.964.256 | 75.760.000 | 4.646.000 | 118.942.400 | 5.446.000 | 0 | 204.794.400 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
| X1 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 27.000 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 27.000 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **27.000** | **80.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **80.000** |
| 425 | Договорни услуги | 27.000 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 27.000 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година**

1.Ја објавувам Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година, донесена на 33-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-202/2 Општина Демир Хисар**
**09.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21,150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и ,,Службен весник на РСМ,, 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на РСМ,, бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ" бр. 154/23) и одредбите на колективниот договор за вработените во општина Демир Хисар и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр 03/02,04/05,07/09,13/14,18/16 и 10/19), Советот на општина Демир Хисар на 33 та седница одржана на 08.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година**

**Член 1**

Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година се извршува според одредбите на оваа одлука (во понатамошниот текст-буџетот).

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на кредити.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично .

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да

се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на буџетот на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20 %** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%.**

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, буџетот на дотации или буџетот на кредити, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат на следниот начин:

- за избраните и именуваните лица бруто платата ќе се пресметува согласно коефициент и утврдена основица за пресметка на плата согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РСМ ;
- вредноста на бодот на државните службеници се утврдува со посебна одлука донесена од Советот на општината;
- на вработените во општината по Закон за работни односи и вработените во ТППЕ ќе им се исплаќа бруто плата согласно закон и Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања, и измените на истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2024 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финасираат со блок дотации се спроведува на следниот начини:

- средствата се планираат на сметка (930), а се извршуваат преку сметката- дотации на локални јавни установи (903),
- локалните јавни установи финасирани со блок дотации се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат следните обрасци: ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати за месецот за кој се однесува платата.
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот буџет истите се должни да достават писмено известување од Градоначалникот за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот на општина Демир Хисар изнесува 40 % од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Совет, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на Совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 800 денари цела дневница од 12 - 24 часа и половина дневница 400 денари од 08 – 12 часа, согласно колективен договор за вработените во општина Демир Хисар.

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

Износот на дневници за службено патување во странство се исплатува и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од програма – општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот, а согласно колективен договор за вработените во општина Демир Хисар.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60% од просечната месечната нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен .

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување) , му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари..

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната година.

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска

резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината и локалната јавна установа изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна плата во РСМ во последните три месеци.

**Член 19**

Исплата на име јубилејни награди и новогодишен надоместок ќе се врши од програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 – други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно колективниот договор за вработените во општина Демир Хисар.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

“Локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во буџетот на Република Северна Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии , врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација”.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Буџетот на општина Демир Хисар ќе се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 25**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар”, а ќе се применува од 01 јануари 2024 година.

Бр.17-150/4 Совет на општина Демир Хисар
08.02.2024 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за висина на благајнички максимум за 2024 година**

1.Ја објавувам Одлуката за висина на благајнички максимум за 2024 година, донесена на 33-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-202/3 Општина Демир Хисар**
**09.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за платниот промет ( „Службен весник на РМ „ бр.50/01 ........7/19) , како и член 43 став 1 точка 11 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02,04/05,07/09,13/14,18/16 и 10/19 ) Советот на општина Демир Хисар на 33 та седница одржана на ден 08.02.2024 год. ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**За висината на благајничкиот максимум за 2024 година**

Член 1

Благајничкиот максимум за 2024 година се утврдува на износ од 50.000,00 денари , парични средства кои ќе може општината Демир Хисар како учесник во платниот промет да ги подига во готово од своите сметки и да ги држи во благајната.

Член 2

Доколку постои прилив на други средства по други основи во благајната во текот на денот, истите ќе се уплатуваат на сметката на Општината Демир Хисар истиот ден или најкасно наредниот работен ден. .

Член 3

Поединечните т.е. индивидуалните исплати во готово кои ќе се вршат од благајната не може да бидат повисоки од 6000,00 денари.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Демир Хисар„ .

Бр. 17- 150/5 Совет на општина Демир Хисар
08.02.2024 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за кофинансирање на проект “Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“**

1.Ја објавувам Одлуката за кофинансирање на проект „Подобрување на условите за

живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул.„Битолска“ Општина Демир Хисар“, донесена на 33-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-202/4 Општина Демир Хисар**
**09.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 94, став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 08.02.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
за кофинансирање на проект
**“Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за учество во кофинансирање на проектот “Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“.

Член 2

Вкупната вредност на проектот “Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, преку реконструкција на тротоар на ул. „Битолска“, Општина Демир Хисар“ изнесува 9.491.566,00 денари, а Општина Демир Хисар за реализација на истиот ќе кофинансира финансиски средства во износ од 4.438.491,00 денари,

Останатите финансиски средства во износ од 5.053.075,00 денари се обезбедени преку Бирото за регионален развој.

Изразените вредности се со влкучен ДДВ од 18%.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-150/6 Претседател
08.02.2024наСовет на ОпштинаДемир Хисар
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.12.2023 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, донесен на 33-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-202/5 Општина Демир Хисар**
**09.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 08.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.12.2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.12.2023 година со арх.број 10-166/1 од 05.02.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-150/7 Совет на Општина Демир Хисар
08.02.2024 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови на општина Демир Хисар за 2024 година**

1.Ја објавувам Одлуката за дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови на општина Демир Хисар за 2024 година, донесена на 33-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-202/6 Општина Демир Хисар**
**09.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 40, став 1 и став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), како и во согласност со член 22 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на Р Македонија бр.5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 08.02.2024 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови во Општина Демир Хисар за 2024год.***

**Член 1**

Во членот 4, кој се однесува на изработка на Урбанистички проекти, после точка 7 се додава нова точка која гласи:

1. Да се отпочне со постапка за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација на КП 1723,

КП 1724, КП 1725, КП 1726, КП 1727, КП 1728, КП 1729 и КП 1730, КО Демир Хисар согласно Детален урбанистички план за Демир Хисар донесен со Одлука за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за населбата Демир Хисар донесена од Собрание на Општина Демир Хисар 08-1290/1 од 23.11.1990 година. Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект, ќе биде дополнително утврден согласно законските прописи за урбанистичко планирање и другите акти кои ја регулираат таа материја. Иницијативата за Урбанистички проект е од страна на Општина Демир Хисар.

**Член 2**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2024год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-150/8 Совет на општина Демир Хисар
08.02.2024 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на ЈП ,,ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2023 година до 31.12.2023 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за финансиско работење на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, донесен на 33-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-202/7 Општина Демир Хисар**
**09.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 08.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишен извештај за финансиско работење на ЈП ,,ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2023 година до 31.12.2023 година**

1. Се усвојува Годишен извештај за финансиско работењето на ЈП ,,ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2023 година до 31.12.2023 година донесен од Управен одбор на ЈП ,,ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар со МИСЛЕЊЕ бр. 02-18/3 од 06.02.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

По еден примерок од Заклучокот се доставува до архива на Општина Демир Хисар и до Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

Бр. 17-150/9 Совет на општина Демир Хисар
08.02.2024 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен план за работр и развој на ЈП ,,ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за 2024 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот план за работа и развој на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за 2024 година, донесен на 33-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-202/8 Општина Демир Хисар**
**09.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), како и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19,7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 08.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишен план за работа и развој на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар со број 02-194/1 од 27.12.2023 за 2024 година донесен од Управен одбор на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар со МИСЛЕЊЕ бр.02-18/4 од 06.02.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

По еден примерок од Заклучокот се доставува до архива на Општина Демир Хисар и до Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

Бр.17-150/10Совет на Општина Демир Хисар
08.02.2024 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Договор за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Демир Хисар и општина Могила**

1.Го објавувам Договорот за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Демир Хисар заведен со архивски број 03-191/1 од 08.02.2024 година и општина Могила заведен со архивски број 03-126/1 од 08.02.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-202/9 Општина Демир Хисар**
**09.02.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

**Д О Г О В О Р**

**ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Склучен помеѓу:

1. Општина Демир Хисар, со седиште на ул. „Битолска“ бр.8 Демир Хисар, застапувана од Градоначалникот на Општина Демир Хисар м-р Никола Најдовски, од една страна и

2. Општина Могила, со седиште во Могила, застапувана од Градоначалникот Драганчо Саботковски, од друга страна

Член 1

Предмет на овој Договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), и член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на Р.М.“ бр.79/2009), за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на општините од надлежност на одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, како издавање на одобренија за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, донесување на урбанистички планови, издавање на изводи од урбанистичко плански документации и.т.н. од страна на Општина Могила, а за сметка на Општина Демир Хисар.

Член 2

Двете договорни страни се договорија работите и работните задачи што ги извршува дипломираниот инженер архитект, вработен во Општина Могила, во одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој, на работно место Советник за просторно и урбанистичко планирање, издавање на одобренија за градба, градежно земјиште, комуналии и заштита на животната средина се предмет на овој Договор, да ги извршува во име и за сметка на Општина Демир Хисар.

Член 3

Со овој Договор вработениот дипломиран инженер архитект вработен во Општина Могила, за извршување на работите што се предмет на овој Договор во Општина Демир Хисар ќе ги користи објектите и опремата на двете договорни општини.

Член 4

За работното ангажирање и зголемениот обем на работа на вработеното лице од Општина Могила, Општина Демир Хисар се обврзува да

исплаќа финансиски средства на Општина Могила во износ од 10.000,00 денари, како и да исплаќа финансиски средства за патни трошоци или да обезбеди превоз, согласно законските прописи.

Член 5

Дипломираниот инженер архитект вработен во Општина Могила, својата работа во Општина Демир Хисар ќе ја извршува по повик од Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

Член 6

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор ќе се вршат со Анекс кон овој Договор.

Член 7

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишување од страна на двете договорни страни, а се склучува за времетраење најдоцна до 31.12.2024 година.

Член 8

Овој Договор може да се раскине заради непочитување на одредбите од страна на двете договорни страни.

Овој Договор може да се раскине и по барање на една од договорните страни, но по претходно известување на договорната страна која тоа го бара и тоа најмалку во рок од 30 дена пред раскинувањето на договорот.

Член 9

Во случај на спор двете договорни страни спогодбено ќе го решаваат, во спротивно надлежен е Основниот суд во Битола.

Член 10

Овој Договор е составен од 4 (четири) еднобразни примероци, по два за секоја од договорните страни.

| | |
|---|---|
| **Број 03-191/1** | **Број 03-126/1** |
| **Датум: 08.02.2024 г** | **Датум: 08.02.2024г** |
| Општина Демир Хисар | Општина Могила |
| Градоначалник | Градоначалник |
| Никола Најдовски с.р. | Драганчо Саботковски с.р. |

-------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Буџет на општина Демир Хисар за 2024 година------------------------------------------------1
2.Одлука за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година-----2-6
3.Одлука за висината на благајнички максимум на општина Демир Хисар за 2024 година----------------------------------------------7
4.Одлука за кофинансисрање на проект „Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар преку реконструкција на тротоар на „ул. Битолска“ општина Демир Хисар“-------------------------------------------8
5.Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 до 31.12.2023 година---------------------------9
6.Одлука за дополнување на Програмата за УП на општина Демир Хисар за 2024 година-----------------------------------------9-10
7.Заклучок за усвојување на Годишен извешај за финансиско работење на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за период 01.01.2023 до 31.12.2023 година--------10-11
8.Заклучок за усвојување на Годишен план за работа и развој на ЈП Дехи Транс Демир Хисар за 2024 година------------------------11
9.Договор за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Демир Хисар и општина Могила-------------------------------------12-13

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**

**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**